СЕМИНАР ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СИНДИКАТОТ

# Волја и знаење да се "сврти нова страница"!

*На дводневен семинар на оваа тема размислуваа и вежбаа синдикалци од четири синдикати, меѓу кои и од СИЕР*

Клучни прашања на кои секој синдикат во услови на транзиција треба да одговори се: Дали ги брани интересите на работниците или само ги контролира?; и Дали одговара на потребите на работниците или дејствува како продолжена рака на државата и работодавачите? Веројатно е многу тешко од денешните македонски синдикалци, а веројатно не се разликуваат ни оние од сите југоисточни европски земји, да се добие негативен одговор. Многу е тешко објективно да се оценува сопствената работа и условите во кои дејствуваат синдикатите. Пред сè, поради тоа што не постои контунирана обука со која синдикатите ќе можат да се фатат во костец со "новото време". Оттаму, соочени се со губење на членството и на позицијата на ефикасни заштитници на трудот. Како да се запре ова "тркалање" удолу и да се изгради модерен и ефикасен синдикат? На ова прашање веќе подолго време се ангажирани Меѓународната федерација на хемија, енергетика и рударство - ИЦЕМ, чиј член е и СИЕР, со финансиска поддршка на Фондацијата "Фридрих Еберт". Во серијата семинари за модернизацијата на синдикатот опфатени се четири грански синдикати чии синдикални претставници добиваат можност навистина да стекнат нови знаења и искуства кои ќе ја направат нивната секојдневна работа поефикасна во однос на остварувањето на потребите на синдикалните членови.

Според тројцата едукатори, меѓу кои е и генералниот секретар на СИЕР, Маре Анчева, за да се очекува напредок, треба прво објективно да се анализира опкружувањето на синдикатот, како надворешен фактор кој влијае врз синдикалното дејствување, а потоа и да се согледаат сите внатрешни слабости, но и добри страни кои ги има секој синдикат или негова организација.

Ваквата анализа ќе ги определи клучните промени врз кои ќе се дефинираат и прирітетните активности кои треба да ја претставуваат модернизацијата на синдикатот. Притоа, особено внимание треба да се посвети на обуката на членовите кои ќе можат да се носат со предизвиците на "модерното" време.

ТРЕТ КОНГРЕС НА ЕМФ

# Металците ги "уриваат" европските ограничувања

Рамноправно членство во европска синдикална асоцијација на синдикатите и од земјите кои уште официјално не се примени во Европската Унија е само дел од промените кои се утврдени на одржаниот 3. Конгрес на Европската федерација на металците во јуни годинава, во Лисабон, Португалија. Во неа СИЕР членува како придружна членка, поради актуелната европска политика и на синдикален план, иако рамноправно учествува во сите активности во рамките на ЕМФ.

Очигледно, синдикалната солидарност ги надминува сите дискриминаторски политики кога се во прашање интересите на работниците. На овој Конгрес учествуваа претседателот и генералниот секретар на СИЕР.

